**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за образование**
**и наука**

**Број: 12 - 8159/1**
**Дата: 20.07.2005**
**Скопје**

Врз основа на членовите 22 и 46 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ„ број 64/2000, број 49/03, број 113/05 и број 51/07 ) и член 120 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ„ број 38/2005), Министерот за образование и наука донесе

**ПРИВРЕМЕНО Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со вршење на високообразовна дејност од страна на Меѓународниот славјански институт- г.Москва на територијата на Република Македонијаза**

1. Меѓународниот славјански институт- г.Москва, може да почне со вршење високообразовна дејност на територијата ,на Република Македонија од учебната 2007-2008 година.
2. Се задолжува Меѓународниот славјански институт- г.Москва во рок од шест месеци од денот на донесувањето на ова решение, целосно да ги исполни условите за вршење на високообразовна дејност согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на РМ" број 33/03).
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Меѓународниот Славјански Институт - г. Москва, до Одборот за акредитација достави "Проект за давање согласност за филијала на странска високообразовна институција од Руската Федерација, Меѓународен Славјански Институт- Москва Г.Р. Державина за Актерскиот факултет и Факултетот за дизајн- редовно студирање (очно-обучение) Економски факултет и Психологија- вонредно и дописно - (заочное обучение). Одборот за акредитација расправаше на 63-та седница одржана на [illegible] 2007 година и достави мислење до Владата на Република Македонија број сл -12 од 27.06.2007 година.

Согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на РМ" број 33/03), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
Сулејман Рушити

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Барателот
- Архивата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ МОСКВА
ДООЕЛ Свети Николе

| Примено | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| – | 19 | 1 | |

01-13-------7
27.06

Врз основа на член 22, став 2 од Законот за високо образование Одборот за акредитација на својата 63-та седница одржана на 26.06.2007 година го усвои следното

**МИСЛЕЊЕ**

1. На странската високообразовна институција од Руската Федерација, Меѓународен Славјански Институт - Москва за Актерски факултет и Факултет за дизајн - редовно студирање и Економски факултет и психологија - вонредно и дописно (во натамошниот текст: Меѓународен Славјански Институт - Москва) според приложената документација и е признаено правото од надлежните државни органи во Руската Федерација да врши високообразовна дејност.

2. Согласно член 22 став 2 од Законот за високо образование, бидејки го исполнува условот од точка 1 од ова Мислење, Меѓународниот Славјански Институт - Москва може да врши високообразовна дејност на територијата на Република Македонија на еден светските јазици според условите под кои ги врши во својата земја.

3. Одборот за акредитанција смета дека Меѓународниот Славјански Институт - Москва ги исполнува условите да врши високообразовна дејност на некој од светските јазици на територијата на Република Македонија, откако ке добие одобрение од Владата на Република Македонија под услови утврдени со меѓудржавен договор, склучен меѓу Република Македонија и Руската федерација.

4. Одборот за акредитација заклучи дека во доставениот Проект е содржан приодот за вршење на вискообразовна дејност во Република Македонија од страна на Меѓународниот Славјански Институт- Москва преку"Филијала" во облик на Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности Меѓународен Славјански Институт Москва ДООЕЛ Св.Николе. Законот за високото образование не содржи одредби за отварање на филијала на странска високообразовна институција за вршење на високообразовна дејност во форма на трговски друштва.

Според тоа вршител на високообразовната дејност е Меѓународниот Славјански Институт - Москва и затоа со ова мислење не се смета дека Одборот за акредитација дава акредатација на Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности Меѓународен Славјански Институт Москва ДООЕЛ Св.Николе да врши високообразовна дејност како високообразовна установа.

5. Формите на вонредно и дописно студирање застапени во Проектот - трета година кои се изведуваат во Св. Николе се форма на дописно студирање кои не се разработени во Закон за високото образование и немаат примена во нашиот образовен систем и не се сметаат за вршење на високообразовна дејност на територијата на странска високообразовна дејност на територијата на Република Македонија согласно Законот за високо образование.

7. Во Проектот органите кои се назначени како "Академски и административен директор - декан за Македонија, управител и наставно-научен совет, од лица од Република Македонија, Одборот за акредитација ги смета за органи на Меѓународен Славјански Институт - Москва, а не органи на филијалата како високообразовна установа.

8. Одборот за акредитација смета дека лица кои можат да изведуваат настава се само лицата кои се избрани во наставнички и соработнички звања од надлежните академски органи на Меѓународниот Славјански Институт - Москва. На Одборот за акредитација му беше доставен списокот на наставниците и соработниците на Меѓународниот Славјански Институт - Москва кои ќе ја изведуваат наставата на територијата на Република Македонија. На Одборот за акредитација не му беше доставена соодветна документација за постапката за избор на лицата државјани на Република Македонија спроведена од надлежните академски органи на Меѓународниот Славјански Институт - Москва а кои ќе учествуваат во изведувањето на наставата, покрај наставниците и соработниците на Меѓународниот Славјански Институт - Москва. Одборот за акредитација смета дека поголемиот, носечки дел на наставниот и соработничкиот кадар треба да е од Меѓународниот Славјански Институт - Москва кој ќе ја изведува високообразовната дејност, а помал дел од кадарот да е ангажиран од Република Македонија, избран според законски услови и постапка пропишани во Руската Федерација при што да се има во предвид дека наставата се изведува на странскиот јазик.

9. Одборот за акредитација смета дека Меѓународниот Славјански Институт - Москва треба да приложи и финансиска гаранција согласно членот 37 од Законот за високото образование.

10. Просторот е обезбеден со три засебни договори за закуп, едниот склучен за три години а другите за 10 години , наместо 15 години како што е пропишано со Правилникот на Одборот за акредитција, каде како закупец

стои Славјански Институт- Москва ДООЕЛ од Св. Николе, претставувано од управителот Серафимовски и деканот Јордан Ѓорчев.

11. Кои Проектот е приложен покрај Статут на Меѓународниот Славјански Институт - Москва и Статут на Меѓународниот Славјански Институт филијала Македонија. Одборот за акредитација смета дека Статутот на Меѓународниот Славјански Институт филијала Македонија е интерен акт со кој Меѓународниот славјански институт го уредил вршењето на високообразовната дејност на територијата на Република Македонија, и затоа согласно Законот за високо образование не може да смета за статут на високообразовна установа основана на територијата на Република Македонија.

Исто така и Правилникот за организација и на систематизација на МСИ-Москва Филијала Македонија ДООЕЛ Св. Николе се смета како акт на надлежните органи на Меѓународниот Славјански Институт - Москва, а не на филијалата.

12. Одборот за акредитација смета дека "Филијалата" - Друштво за интелектуални услуги и едукативни дејности Меѓународен Славјански Институт Москва ДООЕЛ Св.Николе не е приватна високообразовна организација основана во Република Македонија, туку само правна форма преку која Меѓународниот Славјански Институт - Москва ги врши административните и организационите услуги кои му се потребни за да може да ја врши високообразовната дејност на територијата на Република Македонија.

13. Евиденцијата на студенитете запишани на Меѓународниот Славјански Институт - Москва кој врши високообразовна дејност на територијата на Република Македонија ја води Меѓународниот Славјански Институт - Москва согласно своите акти и на запишаните студенти им издава индекс на Меѓународниот Славјански Институт - Москва.

14. На студентот кој ќе ги заврши студиите на Меѓународниот Славјански Институт - Москва преку вршењето на високообразовна дејност на територијата на Република Македонија му се издава диплома на државен образец на Руската федерација согласно законите и другите акти на Руската Федерација.

15. Со почитувањата на укажувањата во ова Мислење и постапување по нив од страна на Меѓународниот Славјански Институт- Москва, Одборот за акредитација смета дека согласно член 22 од Законот за високото образование, Владата на Република Македонија може да му даде одобрение на Меѓународниот Славјански Институт - Москва непосредно да врши

високообразовна дејност на територијата на Република Македонија на еден од светските јазици како што е рускиот јазик, под условите утврдени со меѓудржавен договор склучен меѓу Република Македонија и Руската Федерација.

Претседател на Одборот за акредитација
Проф. Д-р Тито Беличанец